Република Северна Македонија
ООУ ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ
Бр. 04-364/1
20.09 20 23 год.
Берово

**Општинско Основно училиште „ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ* Берово**

ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ИЗБОР НА УЧИНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ДВАЈЦА ЗАМЕНИЦИ УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

Ученик – правобранител и неговите заменици се ученици во училиштето кои ќе се грижат за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кои ќе имаат обврска да ги промовираат правата на детето, да препознаваат повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријават сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и вон училиштето (Наставнииот кадар и Народниот Правобранител ).

I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО
Право за пријавување за Ученик – правобранител: можат да аплицираат ученици од 7,8 и 9 одделение.
Право за пријавување за заменик Ученик – правобранител: можат да аплицираат ученици од 6,7,8 и 9 одделение.

II. НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
Документи за пријавување: пријава и мотивационо писмо
Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од стручната служба во училиштето. Истата, кандидатите потребно е да ја пополнат и достават до архивата на училиштето најдоцна до 05.10.2023 година.
Мотивационото писмо се доставува во слободна форма.

III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР
Селекцијата на пријавените кандидати и избор ќе врши комисија од училиштето составена од три члена. При тоа ќе се земаат предвид следниве критериуми:
пол;
возраст;
основно познавање на детски права;
мотивација за пријавувањето;
комуникациски и организациски способности;
етничка припадност;
претходно искуство односно вклученост во вонаставни активности.

IV. РАБОТНИ ОБВРСКИ на Ученикот – правобранител и неговите заменици:

- Учество на обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител;
- Промовирање на правата на детето во рамките на училиштето преку едукативни врснички работилници;
- Прибирање претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита на почитување на детските права);
- Мандатот на Ученик – правобранител и заменикот ќе биде во траење од две учебни години. Во текот на спроведувањето на своите обврски,
- Ученикот – правобранител и неговите заменици ќе добијат целосна поддршка од страна на вработените во училиштето.

ООУ „Дедо Илјо Малешевски*

директор

м-р Наташа Аврамска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ
БЕРОВО